Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 132-0306
04.08. 2026 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 23.07.2026 година, врз основа на примена жалба од **Здружение на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка „ДЕЛО“**, го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во поткастот **„Тешки муабети“ бр. 195 на интернет порталот-онлајн медиум Инфомакс (infomax.mk)**, емитуван на нивниот Јутјуб канал на 10.06.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Јован Николов, секретар на Здружението на граѓани „ДЕЛО“, на 02.07.2026 г. упати жалба за дел од поткастот „Тешки муабети“ бр. 195 на интернет порталот-онлајн медиум Инфомакс (infomax.mk), емитуван на нивниот Јутјуб канал на 10.06.2026 г., при што се жали на поттикнување „говор на омраза“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека во дел од емисијата на давателот на медиумска услуга (34:15 мин. од поткастот), во разговор за бугарската политика кон Македонија, „новинарите Александар Митовски и Милош Милошевски покажуваат среден прст насочен кон премиерот на Република Бугарија Румен Радев и претседателката Илијана Јотова, но и кон сите останати“.

Жалителот смета дека со ваквото однесување се шири омраза и ксенофобија кон бугарскиот народ и Република Бугарија, дека се поттикнува лавина негативни коментари во четот, и дека се повредени член 5, член 10, член 11, член 15 и член 16 од Кодексот на новинарите, како и одредби од Законот за медиуми, но и дека со тоа бил нарушен и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија од 2017 година.

Во жалбата на СЕММ му е доставена дел од содржината (скриншот фотографија од клучниот елемент во жалбата) во пдф формат и линкот од поткастот, како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со давателот на медиумска услуга Инфомакс и побара да се изјаснат по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во поткастот „Тешки муабети“ бр. 195 на интернет порталот-онлајн медиум Инфомакс (infomax.mk), емитуван на нивниот Јутјуб канал на 10.06.2026 г. нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при

известувањето, при што не прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за дел од подкастот каде што авторите ја коментираат актуелната бугарска политика кон Македонија, толкувана во дадениот момент преку изјавата на претседателката Гордана Сиљановска Давкова по нејзината средба со бугарската претседателка Илијана Јотова - тема од јавен интерес.
Комисијата го оценуваша овој дел од подкастот на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека не постои прекршување.

При расправата Комисијата појде од фактот дека суштината на жалбата се однесува на покажувањето среден прст кон бугарските државни функционери и дека со тоа, според жалителот, се изразувал и се поттикнувал говор на омраза кон бугарскиот народ и кон Бугарија.

Комисијата заклучи дека во ниту еден дел од емисијата не постои говор на омраза, односно гестот со покажаниот среден прст не може да се смета за говор на омраза кон бугарскиот народ, туку како остар критички чин кој се однесува исклучиво кон бугарски функционери. Членовите на Комисијата сметаат дека мора да се прави разлика меѓу остра или навредлива критика кон конкретни носители на јавни функции и говор на омраза насочен кон цела национална заедница.

Во содржината не може да се видат ниту други форми на предрасуди, омаловажување, повикување на дискриминација, на непријателство или на насилство кон бугарскиот народ, со што би се исполниле критериумите посочената содржина, т.е. покажаниот среден прст од новинарите, гледано во контекст на претходно кажаното да се оцени како гест со кој се шири говор на омраза.

Во дел од расправата Комисијата се задржа на можно прекршување на член 15 од **стариот*** Кодекс на новинарите на Македонија, кој се однесува на културата на говор и етика на новинарот, односно на обврската за пристојност на говорот во јавната комуникација на давателите на медиумски услуги. Притоа, иако во расправата беа изнесени различни ставови, беше заклучено да не се донесе одлука за прекршување на етичката одредба од член 15 од Кодексот, со цел Комисијата да не се стави во улога на арбитер на степенот на пристојност во говорот на авторите.

Сепак, Комисијата го нагласува својот начелен и принципиелн став дека давателите на медиумски услуги, т.е. креаторите на медиумски содржини треба да водат сметка за достоинството на новинарската професија во јавната комуникација, без притоа да трпи слободата на медиумското изразување, слободата на коментирање и острите критики, особено кон носители на јавни функции. Почитувањето на овие медиумски права и слободи не е во спротивност со професионалната одговорност на новинарите кои, сепак, треба да внимаваат и да ја негуваат културата на говорот, како еден од начините за чување на угледот на професијата и довербата на јавноста кон медиумите.

Поради горенаведените аргументи Комисијата на крај од расправата оцени дека жалбата е неоснована и дека нема етички повреди во смисла на прекршени членови од Кодексот на новинарите на Македонија.

******(Комисијата расправаше за оваа жалба по членови и врз основа на Кодексот на новинари на Македонија од 2001 година, имајќи предвид дека жалбата е поднесена пред објавувањето на* ***новиот Кодекс на новинарите*** *на веб страната на СЕММ и кој ќе се применува на сите новопримени жалби во иднина. Во расправата Комисијата секако ги имаше предвид и одредбите од новиот Кодекс).*

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено.
Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири и Димитар Мицев.
Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595